**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Медицински факултет – Скопје Факултетско студентско собрание**

Врз основа на член 11 став 1 точка 11, а во врска со член 46 и 47 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Медицински факултет при УКИМ во Скопје и член 4 од Одлуката за формирање на комисии, Факултетското студентско собрание го распишува следниов

# К О Н К У Р С

***за пријавување на членови на комисии на Факултетското студентско собрание на Медицински факултет при УКИМ во Скопје***

Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, согласно одредбите од Статутот го распишува овој Конкурс за пријавување на членови на комисии. Согласно Статутот, Факултетското студентско собрание ги формираше следниве комисии:

1. Комисија за нормативна дејност, соработка и комуникација составена од 5 студенти;
2. Комисија за култура, образование и наука составена од 7 студенти;
3. Комисија за спорт и здравје составена од 7 студенти;
4. Комисија за животна околина составена од 5 студенти.

Согласно одлуката за формирање на комисии, во работата на комисиите може да учествуваат сите редовни студенти на Медицинскиот факултет – Скопје. Еден студент може да членува најмногу во две комисии на Факултетското студентско собрание. Комисиите се должни најмалку два пати годишно да доставуваат извештај за својата работа до Факултетското студентско собрание.

Комисиите се должни на првиот свој состанок од редовите на свои членови да изберат претседател кој ќе ја раководи и координира нивната работа. Насоки за работата на комисиите дава ФССМЕДФ. Мандатот на членовите на комисиите трае една година.

Право на пријавување имаат сите редовни студенти кои студираат на студиските програми од било која година на Медицинскиот факултет во Скопје.

Потребни документи за пријавување:

- Мотивациско писмо (адресирано до ФССМЕДФ - Скопје);
- Кратко CV;
- Фотокопија од индекс;

Пријавите на овој конкурс се доставуваат до **архивата на Медицински факултет-Скопје** или на електронската пошта fss.medf01@gmail.com. Документите се поднесуваат **од 25.09.2023 година до 29.09.2023 година**. Некомплетните пријави и документи кои се поднесени надвор од наведениот рок нема да се разгледуваат.

Резултатите од изборот ќе бидат објавени на веб страницата на факултетот.

Датум: Претседател на ФССМЕДФ

25.09.2023 година Ана Крстевска

Скопје, 2023 год.